Outlook

## FW: Барање за информација од јавен карактер

From [redacted]
Date Fri 7/11/2025 6:52 PM
To Natalija Stojanova Filipova <natalija.filipova@dkz.mk>
Cc Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>

[redacted]лика Северна Македонија [redacted]lika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative, Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 11.07.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 1005 | 1190/1 | | |

ЗАВЕДЕНО НА 14.07.25

1 attachment (204 KB)
baranje_info_javen_karakter.pdf;

Почитувани,

Во прилог Ви доставувам Барање за информација од јавен карактер поднесена од [redacted]

,
[redacted]п

| | |
|---|---|
| Арх. знак/Shenja arkivore | |
| Рок на чување/Afati i ruajtjes | |
| 20 ___ год. Viti | |
| Потпис/Nënshkrimi | |

Поздрав и со почит
[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

14.07 2025 година

**Архивски број:** 1005-1190/2

**До:** [redacted]

**Предмет: Барање**

Почитувани,

На ден 11.07.2025 г. до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен од Ваша страна по електронски пат е доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер. Вие како подносител на барањето ја барате следнава информација:

- Дали против Решението на општина Штип Уп1.бр.20/25-123 од 02.05.2025 година е поднесена жалба од страна на [redacted] Против жалбата е донесена одлука од Ваша страна, притоа ако е донесена одлука барате да Ви се испрати електронски запис од истата.

Од наведеното во самото барање не може да се утврди по кој основ е донесено решението кое е предмет на Барањето за пристап до информации од јавен карактер.

Поради тоа, а имајќи го предвид член 17 од Законот за пристап до информации од јавен карактер, Државната комисија Ви го доставува ова известување. Притоа, Ви укажуваме дека потребно е во **рок од три дена** од приемот на ова известување, да го дополните поднесеното барање со повеќе податоци, односно да го наведете основот по кој е донесено решението или да доставите примерок од донесеното Решение во фотокопија.

Доколку во определениот рок не го дополните барањето, Државната комисија со решение ќе го отфрли барањето за доставување информации од јавен карактер поднесено од Ваша страна.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Изготвил:Наталија С. Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

[redacted]

МОЅ СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

**ОПШТИНА ШТИП**

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Уп.I.бр.20/25-123*
*02.05.2025година*
*Штип*

Врз основа на член 50 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на Република Македонија број 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија 202/24) и на член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општина Штип бр.01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 ,13/14 и 5/21), Градоначалникот на Општина Штип донесе

**РЕШЕНИЕ**

1. Барањето за издавање на Одобрение за вршење угостителска дејност надвор од деловниот простор и Одобрение за поставување на урбана опрема број Уп.I.бр.20/25-123 од 17.03.2025 година поднесено од [redacted]

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Правното лице [redacted] поднесе барање за Одобрение за вршење угостителска дејност надвор од деловниот простор и Одобрение за поставување на урбана опрема број Уп.I.бр.20/25-123 од 17.03.2025 година.

Комисијата за увид на самото место за потребите на постапките за поставување на урбана опрема постапувајќи по барањето на Основното Јавно обвинителство број КО.бр.223/24 од 27.02.2025 година и наш број ИП.I.бр.23/21-212 од 04.03.2025 година испрати известување за дополнување до правното лице [redacted] 26.03.2025 година. Во кое го известува правното лице дека Елаборатот за користење на јавна површина со урбана опрема - Тераси, шанкови и настрешници тех.број 15-2/24-Е и наш број Уп.I.бр.20/25-123 од 17.03.2025 година поднесен од нивна страна да се корегира согласно глава II точка 3 од Програмата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2025 година .

Правното лице [redacted] Штип на ден 17.04.2025 година до архива на Општина Штип достави Елаборат за користење на јавна површина со урбана опрема со тех. број 15-2/24-Е и наш број 20/25-123 од 17.04.2025 година но не е постапено согласно доставеното известување за дополнување Уп.I.бр.20/25-123 од 26.03.2025 година дека елаборатот треба да се корегира согласно согласно глава II точка 3 од Програмата за поставување урбана опрема на

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Градоначалник Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*

[redacted]

**From:** DKZ kontakt [mailto:contact@dkz.mk]
**Sent:** Monday, July 14, 2025 1:22 PM
[redacted]@anel.mk
**Subject:** Известување

Почитувани,

Во врска со вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, ви доставуваме известување во прилог.

Со почит
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен

**ОПШТИНА ШТИП**

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

територијата на Општина Штип за 2025 година каде стои дека поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина и барањето КО.бр.223/24 од 27.02.2025 година од Основно јавно обвинителство Штип Република Северна Македонија.Од елаборатот се гледа дека поставената урбана опрема не е во широчината на деловниот објект кон јавната површина и зафаќа дел пред друг правен субјект [redacted]лаборатот не е одобрен од страна на Одделението за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип.

Врз основа на горе изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

*Правна поука:* *Против ова решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена по приемот. Жалбата се таксира со 250,00 денари административни такси.*

Изработил: Марина Митревска
Контролирал:
Виктор Зацев
Лазар Хаџи-Николов
Одобрил: Вишна Шорова -Ангелова

*Доставено:*
*- Архива*
*- КЛАСИК –КММ 2011 ДООЕЛ Штип*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник,**
**Иван Јорданов**

Outlook

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative, Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup
Примено / Pranuar: 15.07.2025

| Орг. единица / Njësia | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| --- | --- | --- | --- |
| 1005 | 1190/3 | | |

## FW: Дополнување на Барање

From [redacted]
Date Tue 7/15/2025 12:42 PM
To DKZ kontakt <contact@dkz.mk>; Natalija Stojanova Filipova <natalija.filipova@dkz.mk>
Cc Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>

Арх. знак/Shenja arkivore ____
Рок на чување/Afati i ruajtjes ____
____ 20 ___ год./Viti
[redacted] Потпис/Nënshkrimi

1 attachment (358 KB)
Resenie na Opstina Stip.pdf;

Почитувани,

Решението на Општина Штип УП.I.бр.20/25-123 од 02.05.2025 година е донесено врз основа на поднесено Барање за издавање на Одобрение за вршење угостителска дејност надвор од деловнито простор и Одобрение за поставување на урбана опрема поднесено од страна на [redacted].

Општина Штип со предметното Решение го има одбиено барањето на [redacted] со поука дека против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен.

Имајќи предвид дека поставената урбана опрема излегува надвор од широчината на објектот на [redacted] и зафаќа голем дел пред објектот на [redacted] ДОО Штип, од овие причини, како заинтересирана страна, барам да ме известите дали е поднесена жалба против Решението на Општина Штип од страна на [redacted] и дали е одлучено по истата, како и да ми ја доставите одлуката.

Во прилог Ви го испраќам Решението,

[redacted]

Поздрав и со почит
[redacted]

По разледување на поднесеното барање, Државната комисија со барање број 1005-1190/2 од 14.07.2025 година се обрати до подносителот на барањето од причина што од истото не можеше да се утврди основот по кој е донесено првостепеното решение, предмет на барањето. Имајќи го предвид член 17 од Законот за пристап до информации од јавен карактер, Државната комисија го повика подносителот да го дополни барањето со повеќе податоци, односно да го наведе основот по кој е донесено решението или да достави примерок од првостепеното решение во фотокопија.

Подносителот на барањето на ден 15.07.2025 година по електронски пат достави појаснување на барањето и примерок од првостепеното решение во фотокопија.

По добивање на дописот од страна на барателот, Државната комисија изврши проверка во архивата и писарницата и утврди дека на ден 04.06.2025 година од страна на општина Штип е доставена жалба од [redacted] изјавена против Решение број Уп1.бр.20/25-123 од 02.05.2025 година, заедно со списи кон предметот. По доставената жалба оформен е предмет со наш број 0810-7 и истиот е задолжен кај стручната служба за постапување.

Државната комисија се уште нема донесено одлука по доставената жалба од [redacted], но притоа треба да се земе во предвид фактот дека се уште тече законскиот рок за постапување по доставената жалба.

Формата во која бараната информација ќе биде доставена е во вид на електронски запис, а начинот на доставување на информацијата е по маил.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на решението.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

[redacted]

[redacted]

**Претседател**
**Илче Мушаревски**

Изготвил: Наталија С.Филипова

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор втор степен**

22.07 2025

**Архивски број:** 1005-1190/4 [redacted]

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
### за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено по електронски од [redacted] преку застапник [redacted] управител, СЕ УВАЖУВА.
2. Бараната информација ќе биде доставена во форма и на начин како што е наведено во самото барање.

## Образложение

На ден 11.07.2025 година до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен по електронски пат доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted], преку застапник [redacted], управител. Во самото барање е наведено дека подносителот на барањето ја бара следнава информација:
-Дали против Решение на општина Штип Уп.1.бр.20/25-123 од 02.05.2025 година е поднесена жалба од страна на [redacted] и дали против жалбата е донесена одлука од страна на кмисијата, притоа ако е донесена одлука бара да му се достави електронски запис од истата.

Притоа, формата во која се бара информацијата е електронски запис, а начинот на доставување е е-маил.

Постапувајќи по барањето, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен донесе одлука со која Барањето за пристап до информации од јавен карактер се уважува.

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

25.07 2025 година

**Архивски број:** 1005-1190/6

**До:**[redacted]

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор, во прилог на ова известување Ви доставуваме примерок од Решението на Државната комисија.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Прилог: Решение број 1005-1190/4

Изготвил:Наталија [redacted]филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

До
**Државна комисија за одлучување во**
**Управна постапка и постапка од работен однос**
**Во втор степен**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]-маил: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] од Штип, управител на [redacted] е-маил: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Во врска со Ваш предмет со број 0810-7, дали е донесена одлука од Ваша страна и доколку е донесена да ми биде доставена во електронски запис.**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Штип, 25.08.2025 година .** [redacted]

Outlook

## baranje informacii od javen karakter

From [redacted]
Date Mon [redacted]/25/2025 12:00 AM [redacted]
To Natalija Stojanova Filipova <natalija.filipova@dkz.mk>
Cc Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>

1 attachment (213 KB)
Барање da komisija vtro stepen.pdf;

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedure Administrative, Procedure të Marrëdhënies së Punësë dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 25.08.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 1190/7 | | |

Почитувани,

Во прилог Ви доставувам Барање за информација од јавен карактер поднесена од [redacted]

Со почит,
Поздрав и со почит
[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

09.09 2025 година

**Архивски број:** 1005-1190/8

**До[redacted] управител на [redacted]**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено по електронски пат на ден 15.07.2025 г. до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Ве известуваме за следново:

Во член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е наведено дека имателот на информацијата е должен да го извести барателот на информацијата во однос на барањето за пристап до информации ако по барањето веќе одговорил позитивно на исто или слично барање на истото лице во рок од три месеци пред денот на приемот на барањето.

Во однос на барањето кое од Ваша страна е доставено до Државната комисија, Ве известуваме дека Државната комисија на исто барање поднесено од Ваша страна веќе има постапувано со Решение број 1005-1190/4 од 22.07.2025 г. и позитивно одговори на истото.

Поради тоа, Државната комисија нема да постапи по барањето поднесено од Ваша страна по електронски пат на ден 15.07.2025 г.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Изготвил:Наталија С. Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk